# Република Северна Македонија
# Општина Кавадарци

[redacted]

Врз основа на Јавниот повик за учество во активна мерка (Мерка 6. Програма за работно ангажирање-Јавни работи од ОП за активни програми мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот 2024)од Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Општина Кавадаци има потреба од ангажирање на општи работници поради што објавува

Арх.Бр. 14-4415/2

Дата: 05.08.2024

Кавадарци

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 6.6.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

## Јавен повик

За вклучување на невработени лица со ниски квалификации во проекти од инфраструктура и заштита на животна средина на локално ниво

Се повикуваат сите невработени заинтересирани лица да се пријават за извршување на јавни работи за потребите на Општина Кавадарци според Јавниот повик на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Јавниот повик се објавува поради потребата на Општина Кавадарци за ангажирање на лица кои доброволно ќе ги извршуваат активностите:

- Оплеменување на зеленилото во градот
- Засадување на нови садници
- Подигнување на нови зелени површини низ градот
- Кастрење на вегетацијата
- Чистење и одржување на чистотата на повеќе локации во градот

Времетраењето на ангажманот е 30 работни дена кој ќе се регулира со склучување на договор за ангажман. На невработените лица ќе им се исплаќа надоместок од 800 денари по работно ангажирано лице, дневно со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

На корисниците на парична помош за времетраење на работното ангажирање ќе им биде активно правото на користење на парична помош

Заинтересираните лица потребно е да достават: пријава, копија од лична карта и копија од трансакциона сметка на следната адреса: Општина Кавадарци, ул. Плоштад Маршал Тито бб со назнака за јавен повик за пријавување на општи работници во граѓански центар.

Рокот за пријавување е 5 дена од датумот на објавување на јавниот повик на веб странта на Општина Кавадарци и на огласна табла

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

на АВРМ и Општина Кавадарци.

По завршувањето на рокот за пријавување по јавниот повик, пријавените кандидарти ќе бидат повикани. Условите, правата и обврските ќе бидарр уредени помеѓу Општина Кавадарци, Агенцијата за вработување и ангажираното лице

Општина Кавадарци
Градоначалник
д-р Митко Јанчев

Изработила: Марија Камчева
Контролирал/Одобрил: Добринка Алексова

Арх.Бр.______________

Дата:________________

Кавадарци

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk